**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА-**
**Отворен Инвестициски Фонд**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31. ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

**Скопје, Март 2012**

**СОДРЖИНА** Страна

**Извештај на независниот ревизор** 1-2

**Финансиски извештаи**

Биланс на состојба или Извештај за нето имотот на Фондот 3
Биланс на успех или Извештај за добивки и загуби на Фондот 4
Извештај за промени во нето имотот на Фондот 5
Белешки кон финансиските извештаи 6
1. Основни податоци
2. Основа за составување на финансиски извештаи
3. Основни сметководствени политики и проценки
4. Финансиски показатели по удели на Фондот
5. Структура на вложувања на Фондот
6. Структура на вложувања на Фондот по видови на имот
7. Структура на обврските на Фондот по видови инструменти
8. Реализирани добивки (загуби) на Фондот
9. Нереализирани добивки (загуби) на Фондот
10. Трансакции на Фондот со поврзани субјекти
11. Приходи и расходи со поврзани субјекти
12. Трансакции по овластени лица на Фондот
13. Преглед на движење на вредноста на имотот на Фондот
14. Споредбен преглед на работењето на Фондот

MOORE STEPHENS
SKOPJE

М.Х.Јасмин 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**Друштвото за управување со**
**Отворен Инвестициски Фонд**
**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ЈИЕ)**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Отворен Инвестициски Фонд ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ЈИЕ) - (Фондот), кои што го вклучуваат Извештајот за нето имотот на Фондот заклучно со 31.Декември 2011 година, како и Извештајот за добивките и загубите и Извештајот за промени во нето имотот на Фондот за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Друштвото за управување со Фондот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Фондот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондот.

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО**
**Друштвото за управување со**
**Отворен Инвестициски Фонд**
**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ЈИЕ)**

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Отворен Инвестициски Фонд ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ЈИЕ) заклучно со 31.Декември 2011 година, како и неговата финансиска успешност за годината која што завршува тогаш во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

Скопје, 4.Април 2012 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Вељанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**_БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД НА ДЕН 31.12.2011_**
**_ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд_**

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претходна год. (2010) | Тековна год. (2011) |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во МКД | Во МКД |
| | **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
| 1 | Пари и парични еквиваленти | | 2,652,123 | 7,151,698 |
| 2 | Вложувања во хартии од вредност и депозити: | | **27,008,284** | **17,055,037** |
| 2а | финансиски средства кои се чуваат за тргување | | 25,648,657 | 15,595,976 |
| 2б | финансиски средства расположиви за продажба | | | - |
| 2в | заеми и побарувања | | - | - |
| 2г | вложувања кои се чуваат до доспевање | | 1,359,627 | 1,459,061 |
| | **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | | |
| 3 | Побарувања од продажба на хартии од вредност и други побарувања | | - | 1,311,128 |
| 4 | Побарувања за дивиденди и отплати на обврзници | | 13,224 | 2,496 |
| 5 | Побарувања за дадени аванси | | - | - |
| 6 | Побарувања од друштвото за управување со фондови | | - | - |
| 7 | Побарувања од депозитната банка | | - | - |
| 8 | Останати побарувања на фондот | | - | - |
| 9 | Побарувања за камати | | 14,695 | 4,951 |
| **А. ( С од 1 до 10 )** | **Вкупно средства** | | **29,688,326** | **25,525,310** |
| | **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | | |
| 10 | Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и други обврски | | - | 470,276 |
| 11 | Обврски по основ на вложувања во пласмани, депозити | | - | - |
| | **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | | |
| 12 | Обврски спрема друштвото за управување со фондови | | 283,237 | 83,657 |
| 13 | Обврски спрема депозитната банка | | 9,121 | 7,241 |
| 14 | Обврски за трошоци на фондот | | 960 | 14,170 |
| 15 | Обврски по основна исплата на уделничарите | | 3,200 | - |
| 16 | Останати обврски | | 18,876 | 42,199 |
| 17 | Обврски за пресметана камата | | - | - |
| **Б. ( С од 11 до 18 )** | **Вкупни краткорочни обврски** | | **315,394** | **617,543** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето имот на фондот** | | **29,372,933** | **24,907,767** |
| **Г.** | **Број на издадени удели** | | **489,701.4549** | **564,221.1165** |
| **Д. ( В / Г )** | **Нето имот по удел** | | **59.9813** | **44.1454** |
| 18 | Издадени удели во Инвестициониот фонд | | 67,625,560 | 76,319,246 |
| 19 | Повлечени удели во Инвестициониот фонд | | (12,088,647) | (16,746,649) |
| 20 | Добивка/Загуба за тековната финансиска година | | (1,070,909) | (8,500,849) |
| 21 | Задржана добивка/загуба од претходните години | | (25,093,071) | (26,163,980) |
| 22 | Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| 23 | Ревалоризациони резерви | | - | - |
| **Ѓ. ( С од 19 до 23 )** | **Вкупни обврски спрема изворите на средства** | | **29,372,933** | **24,907,767** |

Скопје, Март 2012 година

**Главен Извршен Директор**
**Александар Манев**

ILIRIKA
Друштво за управување со инвестициски фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ Скопје

**БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКИТЕ И ЗАГУБИТЕ НА ФОНДОТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2011 - 31.12.2011**
**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд**

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претход. период (2010) | Тековен период (2011) |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| 1 | Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | | 2,354,810 | 460,010 |
| 2 | Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на вложувања со фиксно доспевање | | 86,388 | 72,216 |
| 3 | Позитивни курсни разлики | | 3,231,013 | 2,145,022 |
| 4 | Приходи од дивиденди | | 727,268 | 492,628 |
| 5 | Останати приходи | | 57 | - |
| **А. ( С од 1 до** | **Вкупно приходи од вложувања** | | **6,399,536** | **3,169,877** |
| | **РАСХОДИ** | | | |
| 6 | Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | | (2,695,766) | (6,273,867) |
| 7 | Негативни курсни разлики | | (3,146,307) | (2,011,393) |
| 8 | Расходи од односи со друштвото за управување со фондови | | (2,653,596) | (712,900) |
| 9 | Расходи од камата | | - | - |
| 10 | Надоместоци на депозитарната банка | | (110,405) | (99,806) |
| 11 | Трансакциски трошоци | | (132,708) | (73,958) |
| 12 | Намалување на средствата | | - | - |
| 13 | Останати дозволени трошоци на фондот | | (226,092) | (413,952) |
| **Б. ( С од 6 до** | **Вкупно расходи** | | **(8,964,874)** | **(9,585,875)** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | **(2,565,338)** | **(6,415,999)** |
| | НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| д1 | Нереализирани добивки (загуби) на вложувања во хартии од вредност | | 1,326,979 | (2,155,557) |
| д2 | Нереализирани добивки (загуби) од деривативни инструменти | | - | - |
| д3 | Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | | 167,450 | 70,706 |
| **Г. ( С од д1 до д3** | **Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | **1,494,429** | **(2,084,851)** |
| **Д. ( В + Г )** | **Нето зголемувања (намалувања) на нето имотот од работење на фондот** | | **(1,070,909)** | **(8,500,849)** |

***ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2011 - 31.12.2011***
***ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд***

| Ознака на позицијата | Позиција | Претход. период (2010) | Тековен период (2011) |
|---|---|---|---|
| | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ** | | |
| 1 | Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | (2,565,338) | (6,415,999) |
| 2 | Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 1,494,429 | (2,084,851) |
| **А. ( С од 1 до 2** | **Зголемување (намалување) на нето имотот од работење на фондот** | **(1,070,909)** | **(8,500,849)** |
| | | | |
| 3 | Приливи од продажба на издадени удели на фондот | 7,312,949 | 8,693,686 |
| 4 | Издатоци од повлекување на издадени удели на фондот | (8,431,793) | (4,658,002) |
| **Б. ( С од 3 до 4** | **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со уделите на фондот** | **(1,118,843)** | **4,035,684** |
| | | | |
| **Ц. ( А + Б )** | **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **(2,189,752)** | **(4,465,166)** |
| | | | |
| | **НЕТО ИМОТ** | | |
| 5 | На почетокот на периодот | 31,562,685 | 29,372,933 |
| **Д. ( 5 + Ц )** | На крајот на периодот | 29,372,933 | 24,907,767 |
| | | | |
| | **БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ НА ФОНДОТ** | | |
| 6 | Издадени удели на фондот во текот на периодот | 702,113.7669 | 862,179.9870 |
| 7 | Повлечени удели на фондот во периодот | (212,412.3120) | (297,958.8705) |
| **Е. ( С од 6 до 7** | **БРОЈ НА УДЕЛИ НА ФОНДОТ** | **489,701.4549** | **564,221.1165** |

## 1.Основни податоци

Отворениот Инвестициски Фонд ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (во понатамошниот текст "Фондот") е основан и управуван од страна на друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (Друштвото).

Друштвото има добиено Решение за основање на отворен инвестиционен фонд ИЛИРИКА ЈИЕ од Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на ден 26.10.2007 година.

Фондот е запишан во регистарот на отворени фондови на КХВ.

Согласно Решението на КХВ, одобрено е НЛБ Тутунска банка АД Скопје да биде депозитна банка на Фондот и со која е склучен Договор за вршење на работи на депозитна банка од 27.09.2007 година.

Фондот е основан со цел прибирање на парични средства преку јавен повик за купување на документи за удел, од сите заинтересирани вложувачи, во согласност со Законот за инвестициски фондови, Статутот и Проспектот на Фондот.

Со прибраните парични средства на Фондот управува Друштвото со цел остварување пораст на вредноста на поединечниот удел, преку управување со ризиците од вложување на средства во финанасиски инструменти, според определена инвестициона политика на Фондот.

## 2. Основа за составување на финансиските извештаи

### 2.1. Основ за составување на финансиските извештаи

Друштвото ги има изготвено финансиските извештаи на Фондот во согласност со барањата на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годината која завршува на 31.Декември 2011 и 2010 година. Податоци во финансиските извештаи се дадени во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено. Споредбени податоци се презентирани во овие финансиски извештаи.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, со исклучок на вложувањата во хартии од вредност кои се вреднуваат според нивната објективна вредност.

## 3. Основни сметководствени политики и проценки

### 3.1. Парични средства

Паричните средства се водат според нивната номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, парите се состојат од парични средства во домашна валута на сметки во комерцијални банки.

Паричните средства на сметки во стрнаска валута дневно се вреднуваат според средниот курс на Народна Банка на Македонија на денот на нивното вреднување.

### 3.2. Вложувања

Во согласност со МСС 39, сите вложувања односно финанасиски средства се класифицираат во четири категории:

- Финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех);
- Финансиски средства расположливи за продажба;
- Заеми и побарувања и
- Вложувања кои се чуваат до доспевање;

Во текот на разгледуваниот период, Фондот има само вложувања во финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех), како и вложувања кои се чуваат до доспевање (депозити во банки).

Почетно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се искажани по нивната набавна вредност, која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите. Трансакционите трошоци се вклучуваат во почетното мерење на финансиските средства.

Последователно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се мерат според нивната објективна вредност, без било какво намалување за трансакционите трошоци кои може да се направат при нивната продажба или друго отуѓување, определена според последната понудена пазарна цена на Берзата за истите на датумот на билансот на состојба. Вложувањата во хартии од вредност за кои не постојат објективни вредности се признаваат по нивната набавна вредност намалени за евентуални загуби од оштетување.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се признаваат во нето добивката или загубата за периодот во кој се јавува како нереализирани добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност.

Вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување кои се изразени во странска валута се пресметуваат според средниот курс на валутата на Народна Банка на Македонија на денот на вреднувањето.

Објавените дивиденди од овие вложувања се вклучуваат како приходи од дивиденди.

### 3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)

### 3.2. Вложувања (Продолжение)

Купопродажбата на вложувањата во хартии се признава на датумот на тргувањето, што претставува датум кога Фондот се обврзал да го купи или продаде средството. Капиталните добивки или загуби од ваквите продажби се признаваат како реализирани приходи или расходи од купопродажба на хартии од вредност.

Депозитите во банки се водат според нивната номинална вредност на денот на депонирање на средствата во банката, зголемени на дневна основа за пресметана камата која му припаЃа согласно периодот.

### 3.3. Побарувања

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува право на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Побарувањата ги опфаЌаат побарувања за дивиденди, камати, продадени хартии од вредност а сеуште ненаплатени и сл.

### 3.4. Деловни обврски

Обврските на Фондот ги опфаќаат:

- Обврски за купување на вложувања во хартии од вредност;
- Обврски спрема друштвото за управување со фондови;
- Обврски спрема депозитната банка и
- Други тековни обврски

Сите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

### 3.5. Приходи

Приходите од реализирани добивки од продажба на вложувања, приходи од камата, реализирани позитивни курсни разлики и приходи од дивиденди се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите.

### 3.6. Расходи

Расходите ги опфаќаат од реализирани загуби од продажба на вложувања, реализирани негативни курсни разлики, расходи од односи со друштвото за управување со фондови, надоместоци на депозитната банка и останати дозволени расходи на Фондот и се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Расходите од односи со друштвото за управување со фондови потекнуваат од надоместок во вид на управувачка провизија кој треба го плати Фондот на Друштвото за управување со фондови во висина од 2.5 % годишно од нето вредноста на имотот на Фондот. Ваквиот надоместок се пресметува на дневна основа.

**3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)**

**3.6. Расходи (Продолжение)**

Расходот од надоместок на депозитната банка потекнува од надоместок кој треба го плати Фондот на избраната депозитарна банка во висина од 0.35% годишно од вредноста на нето имотот на Фондот. Ваквиот надоместок се пресметува на дневна основа.

Расходите спрема Комисијата за хартии од вредност потекнуваат од надомест во висина од 0.5% на годишно ниво од нето вредноста на имотот на Фондот со состојба на крајот од претходната година.

**3.7. Нереализирани добивки и загуби**

Зголемувањето или намалувањето на вредноста на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување измерени по нивната објективна вредност се искажува во билансот на успех односно Извештајот за добивки и загуби на Фондот како нереализирани добивки или загуби.

**3.8. Даноци**

Фондот претставува посебен имот без својство на правно лице, па според тоа не е и обврзник за даноци.

**3.9.Капитал**

Фондот нема својство на правно лице, со оглед дека е основан и управуван од Друштвото за управување со фондови кое има својство на правно лице и преставува акционерско друштво. Поради ова, Фондот нема капитал, туку има само нето вредност на неговиот имот кој преставува разлика помеѓу вредноста на вкупниот имот и вкупните обврски на Фондот.

Сопствениците на удели од Фондот имаат право на учество во добивката на Фондот кое го остваруваат преку откуп односно продажба на документите за удел, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци.

**3.10. Нето вредност на имотот на Фондот**

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд (Сл. Весник на РМ бр.111/2009) донесен од КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на истиот ден. Движењето на вредноста на имотот на Фондот во текот на 2011 година е даден во белешката 12 - Преглед за движење на вредноста на нето имотот на Фондот.

**3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)**

**3.10. Нето вредност на имотот на Фондот (Продолжение)**

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на удели на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Минималната уплата за купување на удели изнесува 1,000 денари. Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Право на учество во нето добивката на Фондот, кое се остварува со реинвестирање во Фондот, пропорционално на сите сопственици на удели во Фондот, согласно со Статутот и Проспектот;
- Право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели;
- Право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот.

**3.11. Управување со ризици**

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции кои пред се се однесуваат на купување и продавање на хартии од вредност на различни организирани пазари на хартии од вредност, како и депонирање на парични средства во банки. Главните ризици на кои Фондот е изложен и политиките за управување со нив се следните:

**а) Валутен ризик**

Фондот влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од инвестирани средства кои не се изразени во домашна валута, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото има политика за управување со овој ризик преку диверзификација на портфолиото во различни странски валути.

Изложеноста на Фондот на девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31.Декември 2011 и 2010 година по валути е следната:

| | **Средства** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2011** | **2010** | **2011** | **2010** |
| ЕУР | 3,540,150 | 3,469,079 | 43,277 | 15,430 |
| УСД | 8,139,345 | 13,399,617 | 53 | 3,446 |
| Други | 5,338,551 | 6,851,979 | 470,276 | - |
| | **17,018,046** | **23,747,675** | **513,606** | **18,876** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

## 3.11. Управување со ризици (Продолжение)

### а) Валутен ризик (Продолжение)

| | Зголемувања за 10% | | Намалувања за 10% | |
|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2011 | 2010 |
| ЕУР | 349,687 | 348,065 | (349,687) | (348,065) |
| УСД | 813,929 | 1,339,617 | (813,929) | (1,339,617) |
| Други | 486,828 | 685,198 | (486,828) | (685,198) |
| **Нето Ефект** | **1,650,444** | **2,372,880** | **(1,650,444)** | **(2,372,880)** |

### б) Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку почитување на дадените ограничувања за вложувања согласно Законот за инвестициони фондови.

Изложеноста на кредитен ризик и структурата на вложувањата на средствата од имотот на Фондот се дадени во белешката за Структура на вложувања. Најголем дел од вложувањата на Фондот се во акции на странски издавачи кои опфаќаат 31.52% од вложувањата на Фондот, акции на домашни издавачи 27.43%, во останати хартии од вредност и имот се 7.31 % и депозити во домашни банки и парични средства од 5.72% и 28.02% респективно.

### в) Каматен ризик

Фондот се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога вложува во должнички хартии од вредност и депозити во банки тоа на ризик од промени на каматните стапки на издавачите. Со оглед дека, Фондот има само вложувања во депозити во банки постои изложеност спрема ваков вид на ризик, иако тој зависи од движењата на финансиските пазари и Фондот нема начин истиот да го намали. Политика на Фондот за намалување на овој вид на ризик е преку различно орочување на средства.

**3.11. Управување со ризици (Продолжение)**

**в) Каматен ризик (Продолжение)**

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 31.Декември 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Парични средства | - | - |
| - Останати побарувања | 1,318,575 | 27,919 |
| - Вложувања за тргување | 15,595,976 | 25,648,657 |
| | **16,914,551** | **25,676,576** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Парични средства | 7,151,698 | 2,652,123 |
| | **7,151,698** | **2,652,123** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| - Депозити во банки | 1,459,061 | 1,359,627 |
| | **1,459,061** | **1,359,627** |
| | **25,525,310** | **29,688,326** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски по основ на вложување | 470,276 | - |
| - Обврски кон друштвото за управување | 83,657 | 283,237 |
| - Обврски кон депозитарна банка | 7,241 | 9,121 |
| - Обврски по основ на дозволени трошоци | 14,170 | 960 |
| - Останати обврски | 42,199 | 22,076 |
| | **617,543** | **315,394** |

**г) Пазарен ризик**

Пазарниот ризик произлегува од можноста за незадоволителен раст или пад на вредноста на вложувањата во хартии од вредност на Фондот. Со оглед дека најголем дел од имотот на Фондот се вложува во хартии од вредност постои зголемена можност за осцилации на пазарните цени на хартиите од вредност. Политика на Фондот е диверзификација на портфолиото во различни хартии од вредност.

Фондот нема концентрација на пазарен ризик поголем од 10% кај еден издавач на хартии од вредност.

**д) Ликвидносен ризик**

Ликвидносен ризик произлегува од можноста одредена хартија од вредност да не може да се продаде на пазарот поради недоволна побарувачка за истата. Политика на Фондот е вложување во ликвидни хартии од вредност за кои постои константна побарувачка на пазарот од хартии од вредност.

***4.ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УДЕЛИ НА ФОНДОТ ВО ТЕК НА ПЕРИОДОТ 01.01.2011 - 31.12.2011***
***ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд***

| Ознака на позицијата | Сметка | Позиција | Претход. период (2010) | Тековен период (2011) |
|---|---|---|---|---|
| | | **ВРЕДНОСТ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ПО УДЕЛИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ** | | |
| 1 | | Нето имот на фондот на почетокот на периодот | 31,562,685 | 29,372,933 |
| 2 | | Број на удели на почетокот на периодот | 541,898 | 489,701 |
| **А** | **1/2** | **Вредност на нето имотот на фондот по удели на почеток на периодот** | **58.2447** | **59.9813** |
| | | | | |
| | | **ВРЕДНОСТ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ПО УДЕЛИ НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ** | | |
| 3 | | Нето имот на фондот на крајот на периодот | 29,372,933 | 24,907,767 |
| 4 | | Број на удели на крајот на периодот | 489,701 | 564,221 |
| **Б** | **3/4** | **Вредност на нето имотот на фондот по удели на крајот на периодот** | **59.9813** | **44.1454** |
| | | | | |
| **Ц** | | **Додатни показатели и подотоци** | | |
| 5 | | Однос трошоци и просечен нето имот на фондот | 2.49% | 2.74% |
| 6 | | Однос на нето добивка од вложувања и просечен нето имот на фондот | -3.40% | -29.82% |
| 7 | | Принос на инвестицискиот фонд | 0.00% | 0.00% |

.

**5. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУКТУРАТА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН 31.12.2011**
**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд**

| Позиција | Број на акции | Трошок за стекнување на акциите во | Вкупен трошок за набавка во МКД | Вредност на датум на извештај во МКД | Вредност по акција | Учество кај издавачот ( % ) | Учество во имотот на фондот ( % ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **А.АКЦИИ** | | | **17,058,668** | **15,048,520** | | | **58.96%** |
| | | | | | | | |
| **1. Акции од домашни издавачи** | **5,827** | | **8,473,761** | **7,002,502** | | | **27.43%** |
| | | | | | | | |
| **Обични акции** | **5,827** | | **8,473,761** | **7,002,502** | | | **27.43%** |
| | | | | | | | |
| Алкалоид АД Скопје | 150 | 4,056 | 608,344 | 589,241 | 3,928 | 0.0105% | 2.31% |
| Гранит АД Скопје | 1,968 | 594 | 1,168,880 | 918,052 | 466 | 0.0641% | 3.60% |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 500 | 3,310 | 1,654,943 | 1,320,595 | 2,641 | 0.0219% | 5.17% |
| Макпетрол АД Скопје | 1 | 22,500 | 22,500 | 18,999 | 18,999 | 0.0009% | 0.07% |
| Стопанска Банка Битола | 163 | 2,814 | 458,618 | 341,648 | 2,096 | 0.0418% | 1.34% |
| Скопски Пазар АД Скопје | 338 | 5,693 | 1,924,400 | 1,774,162 | 5,249 | 0.4765% | 6.95% |
| Македонски Телеком | 390 | 510 | 198,900 | 202,800 | 520 | 0.0000% | 0.79% |
| Тетекс АД Тетово | 1,842 | 461 | 849,114 | 718,380 | 390 | 0.4033% | 2.81% |
| Топлификација АД Скопје | 475 | 3,343 | 1,588,063 | 1,118,625 | 2,355 | 0.1056% | 4.38% |
| | | | | | | | |
| **Приоритетни акции** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| | | | | | | | |
| **Акции во инвестициони фондови** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| | | | | | | | |
| **2. Акции од странски издавачи** | **25,647** | | **8,584,906** | **8,046,018** | | | **31.52%** |
| | | | | | | | |
| **Обични акции** | | | **8,584,906** | **8,046,018** | | | **31.52%** |
| Cesko elektrostopanstvo | 250 | 1,878 | 469,529 | 468,439 | 1,874 | 0.0000% | 1.84% |
| Ford Otomotiv Sanyi AS | 1,300 | 374 | 486,511 | 500,710 | 385 | 0.0004% | 1.96% |
| IAMGOLD Corporation | 720 | 795 | 572,361 | 542,465 | 753 | 0.0002% | 2.13% |
| Jedinstvo Sevojno a.d. , Sevojno | 90 | 3,275 | 294,746 | 256,827 | 2,854 | 0.0295% | 1.01% |
| KGHM Polska Miedz SA | 280 | 1,806 | 505,588 | 431,237 | 1,540 | 0.0001% | 1.69% |
| LUKOIL KOMPANI | 400 | 2,602 | 1,041,097 | 1,006,783 | 2,517 | 0.0001% | 3.94% |
| Merkator Poslovni | 57 | 10,148 | 578,413 | 515,350 | 9,041 | 0.0015% | 2.02% |
| Novatek OAO | 110 | 6,088 | 652,406 | 654,647 | 5,951 | 0.0000% | 2.56% |
| OAO GAZPROM | 1,500 | 587 | 895,512 | 760,078 | 507 | 0.0000% | 2.98% |
| Polskie Gornictwo Naftowe | 9,500 | 55 | 525,412 | 539,742 | 57 | 0.0002% | 2.11% |
| Powszechny Zaklad Ubezpieczen | 120 | 5,521 | 662,526 | 516,348 | 4,303 | 0.0000% | 2.02% |
| Turkiye Sise ve Cam Fabrikalari AS | 0 | 78 | 7 | 6 | 72 | 0.0000% | 0.00% |
| Tauron Polska Energia SA | 8,600 | 74 | 640,654 | 640,700 | 75 | 0.0005% | 2.51% |
| Telekomunikacja Polska SA | 2,100 | 246 | 516,447 | 503,857 | 240 | 0.0002% | 1.97% |
| Tupras Turkiye Petrol Rafinerileri AS | 500 | 1,045 | 522,547 | 503,479 | 1,007 | 0.0005% | 1.97% |
| Uralkali OJSC | 120 | 1,843 | 221,149 | 205,349 | 1,711 | 0.0000% | 0.80% |
| | | | | | | | |
| **Приоритетни акции** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| | | 0 | 0 | 0 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Акции во инвестициони фондови** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Б.ОБВРЗНИЦИ** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **1. Обврзници од домашни издавачи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Државни обврзници** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Обврзници на локална самоуправа** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Обврзници од трговски друштва** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **2. Обврзници од странски издавачи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Државни обврзници** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Обврзници на локална самоуправа** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Обврзници од трговски друштва** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **В. Останати хартии од вредност** | | **0** | **622,159** | **547,456** | | | **2.14%** |
| **1. Останати хартии од вредност од домашни издавачи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Државни записи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Благајнички записи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Удели во отворени инвестициски фондови** | | **0** | **0** | **0** | | | |
| **2. Останати хартии од вредност од странски издавачи** | | **0** | **622,159** | **547,456** | | | **2.14%** |
| **Државни записи** | | **0** | **0** | **0** | | | |
| **Благајнички записи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0.00%** |
| **Удели во отворени инвестициски фондови** | | **0** | **622,159** | **547,456** | | | **2.14%** |
| Lyxor ETF Eastern Europe A | | | 622,159 | 547,456 | | 0.00 | 2.14% |
| **ВКУПНО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | **17,680,827** | **15,595,976** | | | **61.10%** |

| Позиција ( ПЛАСМАНИ И ДЕПОЗИТИ ) | Трошок за набавка | Вредност на датум на извештај | Учество во имотот на фондот ( % ) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | 124,691 | 124,691 | 0.49% |
| Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | 859,571 | 859,571 | 3.37% |
| Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | 474,800 | 474,800 | 1.86% |
| | | | |
| Краткорочни депозити | 1,459,061 | 1,459,061 | 5.72% |
| | | 0 | |
| | | | |
| | | | |
| Долгорочни депозити | 0 | 0 | 0.00% |
| | | | |
| | | | |
| Останати пласмани | 0 | 0 | 0.00% |
| **Вкупно пласмани и депозити** | **1,459,061** | **1,459,061** | **5.72%** |

| Позиција ( ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ) | Набавна цена | Позитивна вредност на датум на извештај | Негативна вредност на датум на извештај | Учество во имотот на фондот ( % ) | Учество во обврските ( % ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | **0** | **0** | **0** | **0.00%** | **0.00%** |

| Позиција ( РЕПО ДОГОВОРИ АКТИВА) | колатерал ИСИН | номинална вредност | Вредност на датум на извештај | Учество во имотот на фондот ( % ) | вредност на колатерал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | **0** | **0** | **0** | **0.00%** | **0** |

***6. СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ НА ИМОТ НА ДЕН 31.12.2011***
***ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд***

| Позиција | Вредност на датум на извештај во МКД | Учество во имотот на фондот ( % ) |
|---|---|---|
| | | |
| Акции | 15,048,520 | 58.96% |
| Обврзници | - | 0.00% |
| Останати хартии од вредност | 547,456 | 2.14% |
| Депозити во банки | 1,459,061 | 5.72% |
| Останат имот | 1,318,575 | 5.17% |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 7,151,698 | 28.02% |
| **Вкупно средства** | **25,525,310** | **100.00%** |
| Деривативни инструменти | - | 0.00% |
| Репо договори | - | 0.00% |

**7. СТРУКТУРА НА ОБВРСКИТЕ НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ НА ДЕН 31.12.2011**
**ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - отворен инвестициски фонд**

| Позиција ( РЕПО ДОГОВОРИ ПАСИВА ) | колатерал ИСИН | номинална вредност | Вредност на датум на извештај | Учество во имотот на фондот ( % ) | вредност на колатерал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0.00%** | **0** |

| Позиција ( ГАРАНЦИИ ) | набавна цена | Вредност на датум на извештај | Учество во имотот на фондот ( % ) | Учество во обврските на фондот ( |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
